Еден од најопасните паразити кои нанесуваат огромни штети кај медоносните пчели е крлежот Вароа Деструктор.

Дерматофагоиди Варроа Јакобсони се најде во азиските пчели на островот Јава, и до неодамна се мислеше дека тоа е истиот тип како деструктор Варроа (Андерсон и Труеман, 2000). За разлика од Варроа деструктор(уништувач), Варроа јакобсони е ограничена само на азиски пчели , како единствен домаќин.

Само два вида на паразити во групата Вароа се јавуваат кај Европската медоносна пчела, а подоцна се прошири низ целиот свет. Двата типа припаѓаат на Варроа крлежот. Варроа јакобсони е различна во различни органи на репродукција и на нивните карактеристики и на структурата на ДНК (МтДНА). Варроа јакобсони е помала од Варроа деструктор (уништувач).

Варроа јакобсони за разлика од Варроа деструктор не предизвикува преголема штета на пчелите, а помалку штети и на леглото.

За овој паразит многу е пишувано , а и признати институти се занимаваат со проблемот на изнаоѓање соодветен третман или лек кој би ја ослободил пчелината заедница од овој опасен паразит , но сеуште не е дојдено до соодветно решение.

Во основа се користат две методи за намалување на присуството на крлежот во пчелината заедница и тоа биолошки и хемиски.

Во биолошките методи се користи метода на одземање на трутовско легло залежано во рам таканаречен градежник кој пчелите го градат без сатна основа и најчесто со трутовки келии,матицата го залежува и по неговото поклопување се вади се отлопува леглото и се стресуваат трутовските ларви заедно со варота.Во фтората половина на

септеври и првиот дел од октоври се вадат рамките со легло на пчели работнички и истиоте се уништуваат а со нив и голм дел од вароата се прават вештачки голи роеви кои првин се третираат против вароата а потоа се ставаат во кошници со сатни основи или новоизградено саќе без легло и т.н.

Од хемиски средстав се користат голем број препарати но во основа со различни имиња, додека активната супстанца која влијае на вароата е амитраз , флувалинат или некој друг акарицид.

Амитразот најчесто се аплицира со зачадување или прскање со водена емулзија ,а флувалинатот се нанесува на пластични ленти (као што е лекот Апистан) или на дрвени ленти како што се Апихелт - произведен Апивед Нови Сад содржи флувалинат proizvodot Super strips dietilhlormetilkumariniltiofosdfat, или Варостоп од Примавет- Софија koj содржи flumethrinum.

Во една ваква рзноликос и недоволна истраженост на ефектите од употребуваните супстанци навистна е тешко да се препорача лек или за него да се даде соодветно мислење.

За секоја употраба на нова супстанца при третирањето на вароата значи најпрвин треба да се утврди која е активната супстанца која влијае на вароата , но и како таа влојае врз пчелите ,нејзиното легло , на резистенцијата на варота, резуидите што ги создава во медот и восокот и уште многу прашања на кој треба да се одговори пред примената на овие лекови.

Меѓутоа се повикуваме на решенијата за производство и регистрацијата на лековите сметајки дека тие се издадени после долготрајни испитувања и анализи (во што се сомневаме).

Сепак можеме од лично искуство да потврдиме дека пчелите се вознемируваат од дрвените лентити произведени од Апивед - Нови Сад. Додека тоа не е случај со дрвените ленти од Примавед - Софија.

Треба да се напомене дека во борбата против овој опасен парази се користи и тимолот како и киселини како што се Оксалната,млечната,мравјата и др.

Во борбата со вароата се користат и средства на база на природни сировини како што е ,, КАС 81,, и др.

Ве повикуваме да ги опишете вашите искуства во борба со овој опасен паразит.